Врз основа на член 25 став (1) и член 28 став (3) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.05/02), член 6 став (2) и член 36 став (2) од Законот за референдум и други облици на непосредно одлучување на граѓаните ("Службен весник на Р.М." бр.81/05), и член 16 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран",бр.9/06, 8/10 и 12/14), Советот на Општина Дојран на седницата одржана на ден 30.12.2019 година донесе ,

# ОДЛУКА

За распишување на референдум на локално ниво

## Член 1

Советот на општина Дојран распишува референдум за подрачјето на Општина Дојран заради изјаснување на граѓаните за доделување договор за јавно приватно партнерство за комуналните услуги, снабдување со вода за пиење на населението во општина Дојран, одведување на урбани отпадни води и третман на урбани отпадните води во општина Дојран.

Советот на Општина Дојран, распишува референдум од претходниот став по сопствена иницијатива.

## Член 2

На референдумот на локално ниво граѓаните на Општина Дојран ќе треба да се изјаснат за прашањето:

- "Дали сте ЗА или ПРОТИВ, доделување на договор за јавно приватно партнерство за услугите, снабдување со вода за пиење, одведување на урбани отпадни води и третман на урбаните отпадни води во општина Дојран".

## Член 3

Изјаснувањето по референдумското прашање од член 2 од оваа одлука се спроведува со цел граѓаните од подрачјето на општина Дојран да одлучат дали ќе се согласат да се склучи договор за јавно приватно партнерство за комуналните услуги, снабдување со вода за пиење на населението во општина Дојран, одведување на урбани отпадни води и третман на урбани отпадните води во општина Дојран.

## Член 4

Одлуката на референдумот ќе се смета за донесена доколку за неа гласале мнозинството од вкупниот број кои што гласале, доколку гласале повеќе од половината од вкупниот број граѓани запишани во Избирачкиот список на општина Дојран.

Одлуката донесена на референдумот е задолжителна.

## Член 5

Доколку на референдумот граѓаните се изјаснат против по референдумското прашање, да се склучи договор за јавно приватно партнерство за комуналните услуги, снабдување со вода за пиење на населението во општина Дојран, одведување на урбани отпадни води и третман на урбани отпадните води во општина Дојран, Советот на општина Дојран ќе го извести Градоначалникот на општина Дојран и надлежните органи за поништување на веќе започнатите и идните постапки за доделување договор за јавно приватно партнерство за комуналните услуги, снабдување со вода за пиење на населението во општина Дојран, одведување на урбани отпадни води и третман на урбани отпадните води во општина Дојран.

**Член 6**

Референдумот на локално ниво ќе се одржи на ден 2 февруари 2020 година, а гласањето ќе се спроведе во периодот од 07 до 19 часот.

**Член 7**

Референдумот на локално ниво ќе го спроведе Општинската изборна комисија на општина Дојран и општинските избирачки одбори.

**Член 8**

Се утврдуваат средства за трошоците за одржување на референдумот на локално ниво во износ од 500.000 денари.

Средствата за спроведување на референдум на локално ниво се обезбедуваат од Буџетот на општина Дојран.

**Член 9**

Еден примерок од оваа Одлука да се достави до Државната изборна комисија во Скопје за навремено доставување на Упатство за подготовка, организирање и спроведување референдум на локално ниво во општина Дојран.

**Член 10**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Дојран,, , а ќе биде објавена во средствата за јавно информирање, на огласната табла во општина Дојран, како и на веб страница на општина Дојран.

Бр.08 - 1198/10
30.12.2019 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Ристо Цинев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА
ОПШТИНА ДОЈРАН
СТАР ДОЈРАН